**20242604564**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за рамномерен регионален развој(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21, 174/21 и 241/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИНДИКАТОРИТЕ И ПРЕСМЕТУВАЊЕТО НА ВРЕДНОСТА НА РАЗВОЈНИОТ ИНДЕКС НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат индикаторите и пресметувањето на вредноста на развојниот индекс на планските региони.

Член 2

Вредноста на развојниот индекс се пресметува од вредности за економско социјален и демографски индекс, со цел определување на степенот на развиеност на планските региони.

Член 3

Економско-социјалниот индекс се пресметува врз основа на следниве индикатори:
- бруто домашен производ по жител;
- буџетски приходи по жител;
- раст на вкупната додадена вредност; и
- стапка на невработеност.

Демографскиот индекс се пресметува врз основа на следниве индикатори:
- природен прираст на населението;
- коефициент на стареење;
- салдо на миграции на 1000 жители и
- завршени студенти на 1000 жители.

Член 4

За пресметување на индикаторите од член 3 од оваа одлука се користат најнови статистички податоци и податоци од информативниот систем на Република Северна Македонија, од кои се пресметуваат тригодишни просеци, освен кога таквите податоци се расположливи за период помалку од три години или тој е достапен од пописот на населението кој се спроведува на десет години.

Член 5

Вредностите кои се користат за пресметка на индикаторите од член 3 од оваа одлука треба да бидат споредливи, адитивни и нормализирани.

Член 6

Економско-социјалниот индекс од член 3 став 1 на оваа одлука се пресметува како пондериран просек од четирите индикатори кои влегуваат во неговиот состав, притоа сите индикатори имаат еднаков пондер во пресметката (25%). Индикаторот за стапка на невработеност се користи со инверзна вредност.

Демографскиот индекс од член 3 став 2 на оваа одлука се пресметува како пондериран просек од четирите индикатори кои влегуваат во неговиот состав, притоа сите индикатори имаат еднаков пондер во пресметката (25%).

Развојниот индекс од членот 2 на оваа одлука се пресметува како пондериран просек од економско социјалниот индекс и демографскиот индекс, притоа двата индекси имаат еднаков пондер во пресметката (50%).

Член 7

Класификацијата на планските региони според степенот на развиеност се одредува според развојниот индекс.

Развојниот индекс од член 2 на оваа одлука, се користи за распределба и доделување на средства на приоритетите на регионите кои се квалификуваат за поттикнување на регионалниот развој.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-12783/10
17 декември 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.